		Предметна програма од прв циклус студии			
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Демографија**			
2.	**Код**	**MST 240**			
3.	Студиска програма	Е-бизнис, Економија, Меѓународна трговија, Финансии			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св Кирил и Методиј“ во Скопје Економски факултет - Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	прв			
6.	Академска година/семестар	Втора година/ трет семестар	7.	Број на ЕКТС-кредити	7,5
8.	Наставник	Проф. д-р Марија Трпкова-Несторовска			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Нема			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): По завршувањето на наставата и положувањето на овој предмет, студентите треба да бидат способни: • Да го дефинираат поимот демографија, да ги разберат основните елементи во демографијата како што се единици, брак, семејство и домаќинство, да ги знаат изворите на податоци за населението; • Да се запознаат со промените на населението со посебен акцент на демографската транзиција; • Да ги идентификуваат концептите на популациски пораст и опаѓање и примена на математичките модели на раст во кои спаѓаат аритметичкиот, геометрискиот, експоненцијалниот и логистичкиот модел. Да спроведат анализа на растатот со утврдени демографски индикатори; • Да ги дефинираат виталните процеси на населението, наталитетот, морталитетот и фертилитетот со преку нивните елементарни индикатори. Да ги знаат детерминантите и карактеристиките на наведените процеси, како и нивното влијание врз економијата и општеството; • Да ги препознаваат миграционите процеси, основните индикатори за нивно мерење, типологијата, селективноста и детерминантите на миграциите; • Да ги знаат основните демографски, економски и останати структури на населението; • Да бидат способни да спроведуваат и толкуваат проекции на популацијата со користење на експоненцијалниот, логистичкиот и аналитичкиот метод; • Да го разберат поимот на популациона политика, нејзините видови, карактеристики, цели, реализација и успешност при спроведување кај различни нации од светот. Запознавање со ситуацијата на популационата политика во Република Северна Македонија.				
11.	Содржина на предметната програма: Преку наставната содржина на предметот ќе се настојува да им се помогне на студентите во подоброто спознавање на сите прашања и проблеми поврзани со населението (популацијата) како што се природното движење (наталитет и морталитет), миграциите, структурата, проекциите на популацијата на земјата и популационата политика. На тој начин студентите ќе добијат јасна претстава за значењето на населението преку неговата дихотомна функција (производна и потрошувачка). Истовремено тие ќе можат подобро да				

	го разберат демографскиот развој и неговата поврзаност и присутноста на повратна спрега со економскиот развој на една земја или регион. Содржина на предметот ги опфаќа следните поглавја: • Вовед • Населението и неговите промени • Популациски пораст и опаѓање • Витални процеси • Миграциони процеси • Структура на населението • Проекции на популацијата • Популациона политика			
12.	Методи на учење: Предавања со презентации и актуелни примери од националната економија, интерактивни предавања со користење на компјутери и пристап до податоци за население, изработка на домашни задачи и нивно оценување, изработка на тимски проекти и презентација на истите, гостин на предавања, студии на случај.			
13.	Вкупен расположлив фонд на време		7.5 ЕКТС x 30 часови=225 часови	
14.	Распределба на расположливо време		60+30+30+15+90 =225 часови	
15.	Форми на наставните активности	15.1.	Предавања-теоретска настава	60 часови
		15.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	30 часови
16.	Други форми на активности	16.1.	Семинарски/стручен труд/проект/истражување (презентација писмена и усна)	30 часови
		16.2.	Самостојни задачи	15 часови
		16.3.	Домашно учење	90 часови
17.	Начин на оценување	60+30+10 = 100 бода		
	17.1.	Тестови		60 бодови
	17.2.	Семинарска работа/проект (презентација:писмена и усна), лабораториски вежби		30 бодови
	17.3.	Активност и учество		10 бодови
18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)	до 50 бода		5 (пет) (F)
		од 51 до 60 бода		6 (шест) (E)
		од 61 до 70 бода		7 (седум) (D)
		од 71 до 80 бода		8 (осум) (C)
		од 81 до 90 бода		9 (девет) (B)
		од 91 до 100 бода		10 (десет) (A)
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Реализирани активности		
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик		
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	интерна евалуација и анкета		

<table>
<tr><td rowspan="11">22.</td><td colspan="6">ЛИТЕРАТУРА</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Реден број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Ристески, С., и Трпкова, М.</td><td>Демографија – методи и анализа</td><td>Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје.</td><td>2014</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Preston, S., H., Heuveline, P. and Guillot M.</td><td>Demography – Measuring and Modeling Population Processes</td><td>Blackwll Publishers Ltd</td><td>2001</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Реден број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Lundquist, J. H., Anderton, D. L. and Aaukey, D.</td><td>Demography: The Study of Human Population</td><td>Waveland Press, Inc.</td><td>2015</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Wertheimer-Baletić, A.</td><td>Stanovništvo i razvoj</td><td>Nakladnička kuća MATE, Zagreb</td><td>1999</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Rowland, D.T.</td><td>Demographic methods and concepts</td><td>Oxford University Press,New York</td><td>2003</td></tr>
</table>